# Глаголички натписи на керамички садови откриени при археолошките ископувања во Скупи (Скопје)*

# Глаголические надписи на керамических сосудах, обнаруженных при раскопках в Скупи (Скопье)

**Антонио Јакимовски**
Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, Република Македонија

**Игор Толевски**
Фондација Кирил Трајковски, Скопје, Република Македонија

**Антонио Якимовски**
Университет Св. Кирилла и Мефодия, Скопье, Республика Македония

**Игор Толевски**
Фонд Кирилла Трайковского, Скопье, Республика Македония

* За да се формира овој наслов беа потребни поголем број на разговори и стручни консултации кои што донесоа одредени насоки кон кои би се ориентирала темата на овој текст. Во оваа пригода би сакале да се заблагодараме на отец проф. Јован Таковски од Православен богословски факултет Св. Климент Охридски-Скопје кој што прв имаше можност да продре во нивното значение, на проф. Елица Манева (Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје, Философски факултет, катедра за Историја на уметност и Археологија), академик Ѓорѓи Поп Атанасов (Македонска академија на науките и уметностите), на проф. Бобан Петровски (Св. Кирил и Методиј-Скопје, Философски факултет, катедра за Историја) кој што ја оствари можноста за комуникација со д-р Савва Михайлович Михеев од Институтот за славистика на Руската академија на науките во Москва, кои што помогна во читањето и толкувањето на глаголичките натписи.

(cc) BY-ND This is an open access article distributed under the Creative Commons Attribution-NoDerivatives 4.0 International

Апстракт

Со археолошките ископувања на римскиот театар во Скупи 2013–2016, на неколку позиции се открија наоди кои што го потврдија постоењето на една мала словенска заедница на овој простор од постаро време. Во средновековниот хоризонт каде што припаѓаат куќите-колиби, во две од нив се открија два фрагмента од грништа на кои се сочувани деловите от натписи, изведени со врежување на букви од првата словенска азбука-глаголицата.

Клучни зборови

Скупи, римскиот театар, словенска населба, глаголица

Резюме

Во время археологических раскопок римского театра в Скупи в 2013–2016 гг. были открыты данные, которые доказывают древнее наличие в этом месте славянского населения. В средневековом горизонте, содержащем следы жилых построек, относящихся к славянской общине, в двух слоях были открыты фрагменты керамики со следами глаголических надписей.

Ключевые слова

Скупи, римский театр, славянское население на Балканах, глаголица, глаголическая эпиграфика

Неколку важни историско-политички настани кои што се случиле во периодот од крајот на доцната антика влијаеле на промената на тогашната слика за Балканот. Социјално-економските кризи, немирот на духовно поле, како и нападите на голем број воинствени народи кои што сукцесивно продирале преку Лимесот, ќе предизвикаат во балканските византиски територии да се зачне еден нов мултикултурен степски елемент.

Периодот од VII до X век на просторот од Скопско, сеуште претставува недоволно истажуван сегмент од средновековието.

Археолошкиот локалитет Скупи се наоѓа на северозападниот дел од Скопската котлина, на одалеченост од 4 км (спротивно на текот на реката Вардар) запад-северозапад од големиот ѕидан Камен мост во центарот на современо Скопје или на самиот влив на реката Лепенец во Вардар (*Карта I*). Тој е еден од најзначајните градови од римскиот период и еден од најголемите археолошки локалитети во Р. Македонија.

Освен културниот хоризонт од римскиот период на кој му припаѓа театарот (наброени се и другите објекти, прикажани на *План I*), во него се утврдени уште неколку културни хоризонти, кои претходеле на градбите од римскиот период, односно се формирале по престанокот на неговата употреба. Потврдени се неколку фази на егзистирање на овој простор кој опфаќа 10.000 м². Следејќи ги хронолошки, тие започнуваат со некрополата од железното време VIII–VII век пред н. е., на




*Карта I.*
Скопската Котлина со средновековните локалитети.




*План I.* План на градот Скупи и ископуваните сектори [Jovanova 2015].



*Слика 1.* Истржувани објекти 2008–2009 година [Jovanova 2015].

истата локацијата подоцна ќе биде изграден театарот со негово егзистирање од II до доцен IV и ран V век, а над урнатините од театарот се формирало населбинско живеење датирано во рановизантискиот период доцен V – ран VII век, следна е населбата од средновековниот период IX–X век, над која потоа се формирала малата средновековна некропола X–XI век.

Скупи како воен и стратегиски легиски логор бил формиран во првата половина на I век од н. е., а со населувањето на легиските ветерани Скупи добива статус на самоуправна дедуктивна колонија, додека во времето на императорот Домицијан 84–85 година градот е именуван како Colonia Flavia Scupinorum — најчеста запишана форма на епиграфските споменици. Според димензиите градот зафаќа површина од 44 хектари и имал највисок статус на римски град (единствен на територија на Р. Македонија). Град, каде што се мешале различни влијанија, воени, културни, политички, трговски и економски, кои произлегле од неговата извонредна гео-стратешка местоположба во центарот на Балканот, крстопат, помеѓу особено значајните патни правци, кои го поврзувале развиениот југ со северот и истокот со западот [Микулчиќ И. 1982: 37–41; Кораќевиќ 2002: 13–16; Јованова 2015а: 9]. Скупи



*Слика 2.* Почеток на ископувањата на римскиот театар во Скупи 2013 година.

[Јованова 2008; Jovanova 2015в][1] е меѓу првите урбанизирани центри (*Сл. 1–2*), во самата смисла на зборот, најпрво како средиште на провинцијата Moesia Superior, додека за време на владеењето на императорот Диоклецијан (284–305 год.) станува главен град на провинцијата Dardania, а подоцна и седиште на Скупската епископија.

Егзистирањето на Скупската епископија и нејзиниот последен забележан епископ, кон крајот на V век, само побудува размислувања за стремежот на тогашните жители на Скупи да го сочуваат нивниот град од налетот на воинствените дојденци од север. Напливот на „варварскиот свет“ од север, како и нивното (подоцнежно) населување во разурнатите палати во градот, а периодот на коегзистенција со афтохтоното население, воопшто нема да ја намалат христијанската вера и

[1] Во овие две публикации даден е сеопфатен приказ на историјатот на градот преку досега откриените градби.

надеж, ова средиште да ги продолжи традициите втемелени во VI век со формирањето на архиепископијата Јустинијана Прима [Алексова 1995: 84; Братож 2000: 62–73; Лилчиќ 2013: 1011–1014].

Раното средновековие[2] на Скупи е период кој што најмалку се истражувал [Бабиќ 1995: 153; Манева 1994: 167; 1995: 129], иако на неколку локации последните педесеттина години биле откриени архитектонски или движни наоди кои го потврдуваат континуитетот на неговото егзистирање. Првите скромни сознанија за постоење на населба од постурбаниот период потекнуваат од археолошките ископувања изведувани во и околу Ранохристијанската базилика со крстилница, при што се утврдило присуство на примитивни ѕитчиња и јами за дрвени колци [Гарашанин, Корачевиќ 1979: 36, 39, Сл. 2]. Понатаму со продолжување на систематските археолошки ископувања, слични објекти, а во нив и фрагментирана керамика и други наоди се откриваат на локациите кај калдариумот на доцноантичката терма [Кораќевиќ 2002: 165–170, Сл. 118, Т. 10, 11; Jovanova 2015в: 34], од спротивната страна на доцноантичката терма помеѓу новооткриената голема Ранохристијанска базилика со атриум и дел од ѕидовите на големиот термален објект од поранот период [Ончевска-Тодоровска 2010: 281; Jovanova 2015в: 26], југоисточниот откриен сегмент од доцноантичкиот бедем [Јованова 2015б; Jovanova 2015а: 249], и римскиот театар [Микулчиќ Г. 1983: 144; Кузмановски 2016; Толевски 2016]. Откриените наоди потврдуваат за континуираниот живот VII–XII век на Скупи, со можни кратки прекини заради поместувањето на населбинското живеење во рамките на овој микро регион.[3]

Со археолошките ископувања на римскиот театар (2013–2016)[4] на неколку позиции во рамките на театарот и блиската околина се открија

---

2 Раното средновековие е еден од најмалку истражените периоди во Република Македонија. Имено, на овој период припаѓаат локалитетите Давина, кај селото Чучер;Скупи; Клучка кај Хиподром, Скопје; Градиште кај селото Дебреште; Кале кај селото Крупиште; Св. Ѓорѓи, Стар Караорман и други. Археолошките состојби и проблеми од овој период се поле на интерес на проф. д-р Елица Манева [2013, 1266–1275].

3 Се мисли на ареалот на кој се простирал градот Скупи (44 хектари) или на западната и северозападната падина на Зајчев Рид.

4 Проектот "Антички театар — Скупи, Истражувања, заштита, конзервација, реставрација, реконструкција и презентација 2013–2017 година" започна во 2013 година. Проектот е вклучен во капиталните инвестиции на Владата на Р. Македонија, реализиран од Миниството за култура на Р. Македонија, а координиран од Управа за заштита на културното наследство. Носители на проектот се Филозофски факултет — Скопје и Музеј на град Скопје. Целта на Проектот е целосно истражување, односно откривање на архитектонската структура на театарот, негова конзервација, реконструкција, ревитализација и презентација пред пошироката јавност. Крајната цел е негово ставање во функција на јавно добро како современ културен епицентар каде ќе се одржуваат



*Слика 3.* Остатоци од средновековната населба во римскиот театар (фото: С. Неделковски).

наоди кои што се поврзани со постоењето на една мала словенска селска заедница (*Сл. 3*; *План II*). Карактеристичната керамика, елементи од накит, како и самиот начин на градење на куќите-колиби (21 на број куќи), укажува дека оваа мала населба или заселок, егзистирала во периодот IX–X век. Ова тврдење го поткрепија и неколкуте бронзени и сребрени византиски монети кои што беа откриени во слоевите на населбата. Монетите припаѓаат на византиските императори Лав VI (886–912), Никифор II Фока (963–969), анонимен фолис датиран во првите години од ковањето на таа серија, по 976 година и сребрена монета на императорите Василиј II и Константин VIII во периодот од 976 до 985 година од заедничкото владеење.

Керамичките целосно зачувани садови и фрагменти од нив, кои што со археолошките ископувања се пронајдоа на просторот од театарот

бројни културни манифестации, концерти, промоции, перформанси и сл. Археолошките истражувања во 2013 година се изведуваа под раководство на проф. д-р Виктор Лилчиќ Адамс, за потоа истата година, по неговото назначување за директор на Управата за заштита на културно наследство, продолжат под раководство на доц. д-р Антонио Јакимовски и Ленче Јованова.




*План II.* План на римскиот театар во Скупи и средновековната населба.

се работени на бавно ротирачко колце, а при нивното производство се употребувала прочистена глина или пак смеса на глина во која се соджат момирок, поситни и покрупни каменчиња дробен кварц, песок и органска материја. Во сетот на керамички садови се среќаваат голем број на грниња (лонци), паници (здели), чаши, големи лонци-амбалажни садови (ќупови) и здели со поголеми димензии (*Т. I*, *II*). Декорацијата на садовите е типична словенска орнаментика, односно врежани брановидни линии, самостојни или во комбинација со хоризонтални врамени или раздвоени со поголем слободен простор, чешлест вертикален орнамент, вертикални врежани кратки линии, и др. Дното на садовите истотака е означено со рељефни втиснати орнаменти, карактеристични за голем дел од просторот на Југоисточна, Источна и Централна Европа.

Во средновековниот хоризонт откриен на театарот во Скупи, каде што припаѓаат куќите-колиби, во две од нив се открија два фрагмента од грнија на кои се наоѓаат врежани букви од првата словенска азбука — глаголицата.




*T. I.* Средновековна куќа 2 (1, 2), средновековна куќа 3 (3, 4, 5, 6, 7), структура 4 печка (8) (цртал: И. Толевски).




*T. II.* Средновековна куќа 3 (1, 10, 11), Структура 4 печка (2), Аголна структура 15 (3), Средновековна куќа 5 (4, 5, 8, 12, 13, 14), Кружна структура 6 (6), Средновековна куќа 7 (15), Средновековна куќа 8 (7, 9) (цртал: И. Толевски).

Првиот фрагмент (*Сл. 4*; *Цртеж 1*) се откри во рамките на средновековната куќа 1 (кв. F6, F7/149) која се наоѓа на повисока кота од останатите куќи, односно на северозападната страна од горното гледалиште на театарот. Овој фрагмент со димензии 5×6см припаѓа на горниот дел од грнето под вратот кон рамениот појас веднаш под брановидната декорација, при што во два реда се наоѓаат врежани глаголички букви:

(…)[Ⱆ]ⰔⰕ(…)
(…)ⰂⰀⰓⰟⰂ(…)



*Слика 4.* Керамичен фрагмент од грне со врежани глаголички букви (фото: И. Толевски).




*Цртеж 1.* Технички цртеж на керамичен фрагмент од грне со врежани глаголички букви.

*Транслитерација*: (…)[**у**]**ст**(…)|(…) **Варъв**(…).

*Палеографско датирање*: Веројатно, до 1100 година (натписот е обла глаголица и не содржи никакви иновации и палеографски знаци).

*Коментар*: Натписот, очигледно го содржи името Варвара? или присвојната придавка Варварин? Пример е топонимот Варвара (село Варвара), месност јужно од градот Скопје (според Савва Михеев).

Примарно, од естетска гледна точка, буквите држат строга линија и приближно еднаква височина, добра вештина и прецизност во начинот на испишувањето на облите букви, се карактеристиките на личноста која што ги врежала на површината од меката глина на садот.

Вториот фрагмент (*Сл. 5*; *Цртеж 2*) се откри во рамките на структура 4 — печка или локална фурна, која што се протега во (кв. F1, F2, G1, G2/149) долното ниво на населбата, односно на нивото на кое се открија поголемиот број на средновековните куќи. На површината на дното на фурната со тенок слој од запечена глина, во слој од гареж и пепел се откри фрагмент од дно на грне. При самото дно со димензии 5×3,5 см се наоѓаат во два реда врежани глаголички букви:

**ⰔⰡⰓ[Ⱏ](...)**
**--Ⱌ(...)**



*Слика 5.* Керамичен фрагмент од грне со врежани глаголички букви (фото: И. Толевски).




*Цртеж 2.* Технички цртеж на керамичен фрагмент од грне со врежани глаголички букви.

*Транслитерација*: **сѣр[ъ]**(...)|**--ц**(...).

*Палеографско датирање*: Веројатно, до 1100 година (натписот е обла глаголица и не содржи никакви иновации и палеографски знаци).

*Коментар*: Првата буква — како Ⱄ, втората буква — како лигатура ⰡⰓ. Натписот, очигледно започнувал од корнот *сѣр-* ‘сјар’ (според Савва Михеев). Овие обли букви се погрубо испишани, но сепак ја задржале линијата на редот.

Според сознанијата што се добија со откривањето на средновековното словенско населбинско живеење при археолошките ископувања на театарот во Скупи, датирано во периодот на IX–X век, потврдено е и со

неколкуте откриени византиски монети. Овие два фрагменти од грнчарија на кои се врежани глаголички букви потекнуваат од периодот на X век и претставуваат доказ за најраната употреба на глаголицата на овој северен и североисточен дел од македонската територија. Појавата на глаголицата во овој дел од североисточната територија на Македонија, веројатно би било поврзано со активностите на словенскиот епископ Константин (Брегалнички) кој во почетокот на X век ќе ја продолжи во Брегалничкиот регион и пошироко, службата на неговите учители св. Методиј а подоцна и св. Климент Охридски [Поленаковиќ 1969: 101–102; Пентковский 2015: 133–135]. Прашањето за толкувањето на знаците делумно слични на глаголичките кои што биле врежани на површината на поголем дел од камени блокови, мермерни плочки и фрагменти од антички скулптури пронајдени на неколку локации околу селото Крупиште на Брегалница[5] [Алексова 1989: 110, 271, 284–298, Сл. 122–145] сеуште во науката останува отворено [Илиевски 2001: 310–311].

Заради потребата да се обезбеди словенскиот јазик за литургиски во полза на словенската црковна организација, на просторите каде што делувал епископот Константин (Брегалнички), биле употребувани пишуваните со глаголица богослужбени книги, создавани во словенската епископија на св. Климент Охридски, која што се наоѓала на територијата на Југозападна Македонија и на Јужна Албанија [Мучай et al. 2014: 12–13, 34; Пентковский 2015: 126–127, 130–131]. Наспроти тоа, преку редовната употреба на словенскиот јазик и глаголичката азбука во богослужбените книги, резултирало со служење на глаголицата надвор од црковната служба, односно се преточила во запишување на едноставни натписи на керамички садови за домашните потреби.

Различните глаголички натписи сведочат за употреба и распространетоста на глаголицата во IX–X век на Балканот (откривани на териториите на Србија, Бугарија и Македонија), односно во рамките на Првата бугарска држава, каде што по 885 година ќе продолжи плодната дејност на учениците на светите Константин-Кирил и Методиј предводени од св. Климент Охридски.

Како пример глаголички букви биле откриени на ѕидовите од Тркалезната црква во Преслав кои потекнуваат од крајот на IX и почетокот на X век [Попконстантинов, Мединцева 1982; Медынцева, Попконстантинов 1984: 49–54, Табл. VII; Илиевски 2001: 148, Сл. 20], со што се потврдува употребата на глаголицата во Источна Бугарија во времето на

[5] Околината на селото Крупиште е позицијата на која се наоѓаат повеќе локалитети со остатоци од архитектонски објекти во кои се откривани голем број на знаци делумно слични со глаголичките, црквата посветена на Св. Никола, црквата на Клетовник, Крстовидната црква на Кале, Катедралната црква на Кале и други [Алексова 1989, 110].

владеењето на кнезот Симеон (893–927). Исто така на територијата на Србија, на локалитетот Гамзиград (римска Felix Romuliana), во слој од средниот век откриен е керамичен сад (бокал) на чија што долна површина на садот биле секундарно врежани неколку глаголички букви, коишто според прикажаниот цртеж и делумната оштетеност се недоволно читливи, а потекнуваат од средновековниот слој на X–XI век [Томовић 1990: 10, Сл. 1,2]. Освен тоа, на археолошкиот локалитет кој претставува античка тврдина и средновековна некропола на вливот на малата река Песаче во Дунав на територијата од Србија, во рамките на средновековната некропола во гробот покрај нозете на покојникот била поставена тула со секундарно врежан крст поставен на постамент и неколку глаголички букви. Според стилските карактеристики на врежаните глаголички букви тие би можеле да се датираат во периодот X–XI век [ibid.: Сл. 1,3].

Фрагмент од керамичен сад (со димензии 7,5×4,5см) со измазнета површина и окересто-црвеникава боја, декорирана со врежани крстови и во еден ред глаголички букви бил откриен како случаен наод кај селото Чечане, југозападно од Вучитрн на просторот од Косово, во рамките на малата римска тврдина (refugium) [Томовић 1990: 7, Сл. 1,1; Ивановић 1997: 27, Сл. 25]. Позицијата на археолошкиот локалитет Чечане каде што бил откриен хоризонт од средновековниот период се наоѓала на стариот пат (северен крак на Вардарскиот пат, via Axia) по кој се патувало и во средновековниот период кој започнувал во Солун и одел преку Брегалница, потоа кај Кожле и Скопје продолжувал на север кон Липљан, Вучитрн и стигнувал кон Рас [Evans 1885: 143; Шкриванић 974: 99–100, 105–106; Томоски 1975: 74; Матанов 1997: 218].

При градење на новата црква подигната во XV век во манастирот на Св. Наум на јужните брегови од Охридското Езеро, била вградена мермерна колонка со врежан глаголички натпис [Михеев 2014: 207, Рис. 1–3]. Употребата на оваа колонка во конструкцијата на трибелонот укажува на тоа дека можеби припаѓала на првата црква изградена токму од страна на преподобен Наум Охридски во почетокот на X век [Коцо 1958: 79].

На иста мермерна колонка во трибелонот е врежан натпис со глаголичко-кирилично писмо кој што потекнува од периодот на крајот на X и почетокот на XI век [Иванов 1970: 53; Мареш 1985; Михеев 2013: 53; 2014: 205].

Фрагменти од керамички садови со врежани глаголички натписи се пронајдени за време на археолошките ископувања кај селото Залавар на југозападната страна на езерото Балатон во Унгарија во 2005 и 2009 година [Szőke 2010: 48–49, Abb. 21]. Овие фрагменти несомнено се однесуваат на дејноста на св. Методиј како прв словенски епископ во старата

диецеза Панонија, каде што се наоѓало и Блатенското кнежевство. Словенската архиепископија на св. Методиј се служела со глаголичките букви за пишување на богослужбени текстови според практикуван латинскиот обред [Пентковский 2014: 90].

* * *

Како заклучок треба да се нагласи, дека керамичките садови со глаголички натписи кои се датирани во X век, чии што фрагменти се пронајдени за време на археолошките ископувања на средновековната словенска населба на просторот од римскиот театар во Скупи, сведочат за активната употреба на најстарото словенско писмо во Скопскиот регион. Како и понатамошната употреба на глаголицата која што била директно поврзана со плодната дејност на св. Климент Охридски, св. Наум Охридски, како и словенските епископи Константин (Брегалнички) и Марко од Девол и голем дел од учениците, за создавање и ширење на словенската литургија врз основа на византискиот (православен) обред.

## Библиографија

Алексова 1989
Алексова Б., *Епископијата на Брегалница (Прв словенски црковен и културно-просветен центар во Македонија)*, Прилеп, 1989.

——— 1995
Алексова Б., *Loca Sanctorum Macedoniae: култ на мартирите во Македонија од IV до IX век*, Скопје, 1995.

Бабиќ 1995
Бабиќ Б., "Денешните територии на Република Македонија и Република Албанија во VII–VIII век", во: *Цивилизации на почвата на Македонија-прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија*, 2, Скопје, 1995, 153–182.

Братож 2000
Братож Р., "Ранохристијанската црква во Македонија и нејзините односи со Рим", *Македонско наследство*, 5/13, 2000, 3–82.

Гарашанин, Корачевиќ 1979
Гарашанин М., Корачевиќ Д., "Базиликата II во Скупи", *Macedonia Acta Archaeologica*, 5, 1979, 31–46.

Иванов 1970
Иванов Й., *Български старини из Македония*, София, 1970.

Ивановић 1997
Ивановић М., "Културна баштина Косова и Метохије: I део (од праисторије до XII века)", у: *Старине Косова и Метохије*, 10, Приштина, 1997, 9–30.

Илиевски 2001
Илиевски Х. П., *Појава и развој на писмото (со посебен осврт кон почетоците на словенската писменост)*, Скопје, 2001.

Јованова 2008
Јованова Л., *Скупи Colonia Flavia Scupinorum: Водич*, Скопје, 2008.

——— 2015а
Јованова Л., *Скупи-некрополи (Стории за истакнати личности според епиграфските и археолошки сведоштва)* (= Inventaria Archaeologica Personarum, 2), Скопје, 2015.

——— 2015б
Јованова Л., "Скупи-Сектор Југоисточен бедем, културна стратиграфија, 2008–2010 година", *Macedoniae Acta Archaeologica*, 21, 2015 (во печат).

Кораќевиќ 2002
Кораќевиќ Д., *Скупи: градска територија*, Скопје, 2002.

Коцо 1958
Коцо Д., "Проучувања и археолошки испитувања на црквата и манастирот Св. Наум", во: *Зборник на Археолошкиот музеј на Македонија* (*1957–1958*), 2, Скопје, 1958, 56–80.

Кузмановски 2016
Кузмановски И., *Средновековна некропола на просторот од античкиот театар во Скупи*, Скопје, 2016.

Лилчиќ 2013
Лилчиќ В., "Македонија во доцната антика (Археологија)", во: *Македонија — милениумски културно-историски факти*, Скопје, 2013, 963–1032.

Манева 1994
Манева Е., "Средновековен период (VII–XIV век)", во: *Археолошка карта на Република Македонија*, 1, Скопје, 1994, 165–179.

——— 1995
Манева Е., "Аспекти на проблематиката на средновековната материјална култура во Македонија", во: *Цивилизации на почвата на Македонија — прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија*, 2, Скопје, 1995, 127–152.

——— 2013
Манева Е., "Раносредновековна материјална култура во Македонија", во: *Македонија: милениумски културно-историски факти*, Скопје, 2013, 1263–1328.

Мареш 1985
Мареш Ф. В., "Стари словенски натписи (графити) во црквата на манастирот Свети Наум на Охридското езеро", во: *Наум Охридски*, Охрид, 1985, 9–12.

Матанов 1997
Матанов Х., *Княжеството на Драгаши* (*към историята на Североисточна Македония в предосманската епоха*), София, 1997.

Медынцева, Попконстантинов 1984
Медынцева А. А., Попконстантинов К. К., *Надписи из Круглой церкви в Преславе*, София, 1984.

Микулчиќ Г. 1983
Микулчиќ Г., "Нови старословенски наоди во Македонија", во: *Зборник на Археолошкиот музеј на Македонија* (*1979–1982*), 10–11, Скопје, 1983, 143–146.

Микулчиќ И. 1982
Микулчиќ И., *Скопје со околните тврдини*, Скопје, 1982.

Михеев 2013
Михеев С. М., "Два кратких глаголических граффити в монастыре св. Наума под Охридом и в Св. Софии в Стамбуле", *Slověne*, 2/2, 2013, 52–63.

——— 2014
Михеев С. М., “Древние надписи-граффити в монастыре св. Наума под Охридом: Предварительные наблюдения”, во: *Кирилометодиевската традиција и македонско-руските духовни и културни врски. Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир. Охрид, 3–4 Октомври 2013*, Скопје, 2014, 205–208.

Мучай et al. 2014
Мучай С., Джуери С., Ристани И., Пентковский А. М., “Средневековые церкви в долине Шушицы (Южная Албания) и славянская епископия свт. Климента Охридского”, *Slověne*, 3/1, 2014, 5–42.

Ончевска-Тодоровска 2010
Ончевска-Тодоровска М., “Занаетчиството и применетата уметност во доцната антика преку метални предмети од Скупи”, *Macedoniae Acta Archaeologica*, 19, 2010, 281–295.

Пентковский 2014
Пентковский А. М., “Славянское богослужение в архиепископии святителя Мефодия”, у: Ј. Радић, В. Савић, уред., *Свети Ћирило и Методије и словенско писано наслеђе: 863–2013* (= Старословенско и српско наслеђе, 1), Београд, 2014, 25–102.

——— 2015
Пентковский А. М., “К истории славянского богослужения византийского обряда в начальный период (кон. IX – нач. X вв.): Addenda et corrigenda”, *Богословские труды*, 46, 2015, 117–146.

Поленаковиќ 1969
Поленаковиќ Х., “Ширење на христијанството и книжевноста кај македонските словени”, во: *Историја на Македонскиот народ*, 1/2, Скопје, 1969, 98–106.

Попконстантинов, Мединцева 1982
Попконстантинов К., Мединцева А., “За глаголическите надписи от X в.”, *Археология*, 2, 1982, 27–37.

Толевски 2016
Толевски И., *Средновековна населба подигната врз урнатините на античкиот театар во Скупи*, Скопје, 2016 (во печат).

Томовић 1990
Томовић Г., “Глагољски натпис са Чечана”, *Историски часопис*, 37, 1990, 5–19.

Томоски 1975
Томоски Т., “Скопје од XI до XIV век”, во: *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија*, 1, Скопје, 1975, 57–74.

Шкриванић 1974
Шкриванић Г., *Путеви у средњовековној Србији*, Београд, 1974.

Evans 1885
Evans J. A., *Antiquarian Researches in Illyricum*, 4, London, 1885.

Jovanova 2015a
Jovanova L., “Scupi Transition from Imperial Colony to Late Antiquity Metropolis,” *Folia Archaeologica Balkanica*, 3, 2015, 219–252.

——— 2015b
Jovanova L., *Scupi Colonia Flavia Scupinorum*, Skopje, 2015.

Szőke 2010
Szőke B. M., “Mosaburg, Zalavár und Pannonien in der Karolingerzeit,” *Anteus*, 31–32, 2010, 9–52.

**Antonio Jakimovski**
SS. Cyril and Methodius University, Skopje, Republic of Macedonia
**Igor Tolevski**
Kirill Trajkovski Foundation, Skopje, Republic of Macedonia

## Glagolitic Inscriptions on Ceramic Vessels Uncovered during Archaeological Excavations in Scupi (Skopje)

Abstract

During archaeological excavations of a Roman theater in Skopje from 2013 to 2016, traces of a Slavic population were uncovered. In the medieval layer of the excavation, which preserves fragments of houses, there were uncovered two ceramic fragments with Glagolitic inscriptions on them, indicating the presence of a Slavic community in this place.

Keywords

Skopje, Roman theater, Slavic population in the Balkan, Glagolica, Glagolitic epigraphic

References

Aleksova B., *Episkopijata na Bregalnica (Prv slovenski crkoven i kulturno-prosveten centar vo Makedonija)*, Prilep, 1989.

Aleksova B., *Loca Sanctorum Macedoniae: kult na martirite vo Makedonija od IV do IX vek*, Skopje, 1995.

Babić B., "Denešnite teritorii na Republika Makedonija i Republika Albanija vo VII–VIII vek," in: *Civilizacii na počvata na Makedonija-prilozi za istražuvanjeto na istorijata na kulturata na počvata na Makedonija*, 2, Skopje, 1995, 153–182.

Bratož R., "Ranohristijanskata crkva vo Makedonija i nejzinite odnosi so Rim," *Makedonsko nasledstvo*, 5/13, 2000, 3–82.

Garašanin M., Koračević D., "Bazilikata II vo Skupi," *Macedonia Acta Archaeologica*, 5, 1979, 31–46.

Ilievski H. P., *Pojava i razvoj na pismoto (so poseben osvrt kon početocite na slovenskata pismenost)*, Skopje, 2001.

Ivanov Y., *Bŭlgarski starini iz Makedoniia*, Sofia, 1970.

Ivanović M., "Kulturna baština Kosova i Metohije: I deo (od praistorije do XII veka)," u: *Starine Kosova i Metohije*, 10, Priština, 1997, 9–30.

Jovanova L., "Scupi Transition from Imperial Colony to Late Antiquity Metropolis," *Folia Archaeologica Balkanica*, 3, 2015, 219–252.

Jovanova L., *Scupi Colonia Flavia Scupinorum: Guide*, Skopje, 2008.

Jovanova L., *Scupi Colonia Flavia Scupinorum*, Skopje, 2015.

Jovanova L., *Skupi-nekropoli (Storii za istaknati ličnosti spored epigrafskite i arheološki svedoštva)*, Skopje, 2015.

Jovanova L., "Skupi-Sektor Jugoistočen bedem, kulturna stratigrafija, 2008–2010 godina," *Macedoniae Acta Archaeologica*, 21, 2015 (forthcoming).

Koco D., "Proučuvanja i arheološki ispituvanja na crkvata i manastirot Sv. Naum," in: *Zbornik na Arheološkiot muzej na Makedonija (1957–1958)*, 2, Skopje, 1958, 56–80.

Koračević D., *Skupi: gradska teritorija*, Skopje, 2002.

Kuzmanovski I., *Srednovekovna nekropola na prostorot od antičkiot teatar vo Skupi*, Skopje, 2016.

Lilčić V., "Makedonija vo docnata antika (Arheologija)," in: *Makedonija — mileniumski kulturno-istoriski fakti*, Skopje, 2013, 963–1032.

Maneva E., "Srednovekoven period (VII–XIV vek)," in: *Arheološka karta na Republika Makedonija*, 1, Skopje, 1994, 165–179.

Maneva E., "Aspekti na problematikata na srednovekovnata materijalna kultura vo Makedonija," in: *Civilizacii na počvata na Makedonija — prilozi za istražuvanjeto na istorijata na kulturata na počvata na Makedonija*, 2, Skopje, 1995, 127–152.

Maneva E., "Ranosrednovekovna materijalna kultura vo Makedonija," in: *Makedonija: mileniumski kulturno-istoriski fakti*, Skopje, 2013, 1263–1328.

Mareš F. V., "Stari slovenski natpisi (grafiti) vo crkvata na manastirot Sveti Naum na Ohridskoto ezero," in: *Naum Ohridski*, Ohrid, 1985, 9–12.

Matanov H, *Kniazhestvoto na Dragashi (kŭm istoriiata na Severoistochna Makedoniia v predosmanskata epokha)*, Sofia, 1997.

Medyntseva A. A., Popkonstantinov K. K., *Nadpisi iz Krugloi tserkvi v Preslave*, Sofia, 1984.

Mikheev S. M., "Two Short Glagolitic Graffiti in St. Naum's Monastery near Ohrid and in Hagia Sophia in Istanbul," *Slověne*, 2/2, 2013, 52–63.

Mikheev S. M., "Drevnie nadpisi-graffiti v monastyre sv. Nauma pod Okhridom: Predvaritel'nye nabliudeniia," in: *Zbornik na trudovi od Meģunarodniot naučen sobir Kirilometodievskata tradicija i makedonsko-ruskite duhovni i kulturni vrski*, Skopje, 2014, 205–208.

Mikulčić G., "Novi staroslovenski naodi vo Makedonija," in: *Zbornik na Arheološkiot muzej na Makedonija (1979–1982)*, 10–11, Skopje, 1983, 143–146.

Mikulčić I., *Skopje so okolnite tvrdini*, Skopje, 1982.

Muçaj S., Xhyheri S., Ristani I., Pentkovskiy A. M., "Medieval Churches in Shushica Valley (South Albania) and the Slavonic Bishopric of St. Clement of Ohrid," *Slověne*, 3/1, 2014, 5–42.

Ončevska-Todorovska M., "Zanaetčistvoto i primenetata umetnost vo docnata antika preku metalni predmeti od Skupi," *Macedoniae Acta Archaeologica*, 19, 2010, 281–295.

Pentkovskiy A. M., "Slavonic Liturgy in the Archdiocese of Archbishop Methodius," in: *Sveti Ćirilo i Metodije i slovensko pisano nasleđe (863–2013)*, Beograd, 2014, 25–102.

Pentkovskiy A. M., "On the History of the Slavonic Worship of the Byzantine Rite in the Initial Period (Late 9th–Early 10th c.): Addenda et corrigenda," *Bogoslovskie trudy*, 46, 2015, 117–146.

Polenaković H., "Širenje na hristijanstvoto i književnosta kaj makedonskite sloveni," in: *Istorija na Makedonskiot narod*, 1/2, Skopje, 1969, 98–106.

Popkonstantinov K., Medyntseva A., "Za glagolicheskite nadpisi ot X v.," *Arkheologiia*, 2, 1982, 27–37.

Škrivanić G., *Putevi u srednjovekovnoj Srbiji*, Beograd, 1974.

Tolevski I., *Srednovekovna naselba podignata vrz urnatinite na antičkiot teatar vo Skupi*, Skopje, 2016 (forthcoming).

Tomoski T., "Skopje od XI do XIV vek," in: *Spomenici za srednovekovnata i ponovata istorija na Makedonija*, 1, Skopje, 1975, 57–74.

Tomović G., "Glagoljski natpis sa Čečana," *Istoriski časopis*, 37, 1990, 5–19.

Szőke B. M., "Mosaburg, Zalavár und Pannonien in der Karolingerzeit," *Anteus*, 31–32, 2010, 9–52.

Acknowledgements

Prof. Rev. Jovan Takovski, SS. Cyril and Methodius University, Skopje

Prof. Elica Maneva, SS. Cyril and Methodius University, Skopje

Acad. Ǵorǵi Pop Atanasov, Macedonian Academy of Sciences and Arts, Skopje

Prof. Boban Petrovski, SS. Cyril and Methodius University, Skopje

Dr. Savva M. Mikheev, Institute for Slavic Studies of the Russian Academy of Sciences, Moscow

доц. д-р **Антонио Јакимовски**
Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Филозофски Факултет
бул. "Гоце Делчев" 9а
1000 Скопје
Република Македонија / Republic of Macedonia
antonio@fzf.ukim.edu.mk

**Игор Толевски**
Фондација Кирил Трајковски
Кеј Димитар Влахов б.б.
1000 Скопје
Република Македонија / Republic of Macedonia
igor.tolevski@gmail.com

Received August 15, 2016